Универзитет "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ
Бр. 02-1703/3
31-08-2021 20 год.
Скопје

Врз основа на член 41, член 42 и член 43 од Законот за заштита на личните податоци (Сл. Весник на РСМ бр.42/2020), член 75 од Статутот на Филозофскиот факултет во Скопје (Универзитетски гласник бр. 463 од 18. X 2019 год.), како и член 120 од Законот за високото образование (Сл. Весник на РМ бр. 82/2018), Деканатската управа на Филозофскиот факултет во Скопје на својата LXIV редовна седница одржана на ден 31.VIII 2021 година, донесе

# ОДЛУКА
за определување на офицер за заштита на личните податоци
на Филозофскиот факултет во Скопје

1. За овластено лице за заштита на личните податоци, односно офицер за заштита на личните податоци (во натамошниот текст: офицерот) се определува **Весна Карапеева на работно место раководител на Одделението за библиотечно работење**, и за заменик на офицерот се оопределува **Виолета Попстефанова на работно место Раководител на Одделението за студентски прашања** на факултетот.

2. Офицерот за заштита на личните податоци на Филозофскиот факултет ги врши следните работи:
- учествува во донесувањето на одлуки поврзани со обработката на личните податоци, како и остварувањата на правата на субјектите на личните податоци;
- достапен е за субјектите на личните податоци за да можат да го контактираат за сите прашања поврзани со обработката на нивните лични податоци и за остварувањето на нивните права според законот;
- должен да ја почитува тајноста или доверливоста во однос на извршувањето на своите работи, во согласност со закон;
- ги информира и советува контролорот или обработувачот и вработените кои вршат обработка соодветно на нивните обврски според одредбите од законот;
- ја следи усогласеноста со законот, со други засегнати закони кои се однесуваат на заштитата на личните податоци во Република Северна Македонија, како и со политиките на контролорот или обработувачот во однос на заштитата на личните податоци, вклучувајќи распределување на одговорности, подигнување на свеста и обучување на вработените кои што учествуваат во операциите на обработка, како и вршење на ревизии за заштита на личните податоци;
- каде што е потребно, дава совети во однос на процената на влијанието на заштитата на личните податоци и го следи извршувањето на процената во согласност со членот 39 од Законот за заштита на личните податоци;
- соработува со Агенцијата за заштите на личните податоци;
- дејствува како контакт точка за Агенцијата во однос на прашањата поврзани со обработката, вклучувајќи ја претходната консултација од членот 40 од Законот,
- врши советување според потребите за сите други прашања.
- при извршувањето на своите работи, офицерот за заштита на личните податоци ги зема предвид ризиците поврзани со операциите на

обработката, како и природата, обемот, контекстот и целите на обработката;

- ги изработува внатрешните прописи, збирки на лични податоци, процедури, акти и документи за заштита на личните податоци и документацијата за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци;
- ја координира контролата на постапките и упатствата утврдени во внатрешните прописи за заштита на личните податоци и во документацијата за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци;
- врши и други работи утврдени со закон и прописите донесени врз основа на законот, како и внатрешните прописи кои ја уредуваат предметната материја.

3. Офицерот ги врши работите од точка 2 на оваа одлука на неопределено време од денот на влегување во сила на оваа одлука.

4. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето. Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката 02-724/5 од 03.4.2017 г.

**Образложение**

Врз основа на член 41 од Законот за заштита на личните податоци (Сл. Весник на РСМ бр.42/2020), се јави потреба од определување на овластено лице за заштита на личните податоци, односно офицер за заштита на личните податоци и согласно член 75 од Статутот на Филозофскиот факултет во Скопје (Универзитетски гласник бр. 463 од 18. X 2019 год.), како и член 120 од Законот за високото образование (Сл. Весник на РМ бр. 82/2018) Деканатската управа одлучи како во диспозитивот на актот.

Одлуката да се достави до: именуваните, декан, продекани, Одделението за општи и правни работи (2), Одделението за финансиско, сметководствено и материјално работење и архивата.

Д Е К А Н
на Филозофски факултет

Проф. д-р Ратко Дуев

Универзитет Св. Кирил и Методиј Скопје * Република Северна Македонија * ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ СКОПЈЕ

Изработил: Ана Иванова